## Документи за пријавување и запишување

Пред пријавувањето во роковите утврдени со Конкурсот, секој заинтересиран кандидат треба да се регистрира на **www.upisi.ukim.mk** и да ја пополни електронската пријава од iKnow-системот.
Бројот којшто кандидатот автоматски го добил од системот за електронското пријавување треба да се внесе и во пријавата што се поднесува при пријавувањето за запишување.

Пријавувањето се врши во службата за студентски прашања на избраниот факултет.

При **пријавувањето** за запишување на факултетите кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

- пријавен лист за запишување;
- електронска пријава (од www.upisi.ukim.mk);
- оригинален документ за завршен прв циклус студии (диплома или уверение), а за кандидатите кои завршиле во странство – Решение за нострификација на документите за завршено образование, издадено од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија;
- куса биографија (CV);
- потврда за активно познавање странски јазик;
- потврда за уплатена административната такса во износ од 50,00 денари (Образец ПП 50: Назив на примачот: Трезорска сметка-Скопје, Банка на примачот: НБРСМ, Тансакциска сметка 100-0000000-630-95, Уплатна сметка 840-XXX-03161, Конто 722313 00);
- 1000 денари на жиро-сметката на на Факултетот за драмски уметности за студиските програми за кои се врши проверка на знаењата и умеењата;
- препораки од наставни или научни работници (доколку има такви);
- список на стручни или научни трудови и примерок од нив (доколку кандидатите имаат);
- документи за евентуални награди, признанија и други документи.

Кандидатите задолжително ќе добијат автоматска потврда дека електронската пошта е примена и дека пријавата е уредно поднесена.
Единиците на своите огласни табли ќе ги објават роковите во кои кандидатите ќе треба да ги поденесат оригиналните документи за пријавување и за запишување.

При **запишувањето**, примените кандидати поднесуваат:

- индекс и пријавни листови
- две фотографии (3,5x4,5)

## Рокови за пријавување и запишување втор уписен рок

Пријавување на кандидатите 2 до 13.2.2026

Запишување на кандидатите1 8 до 19.2.2026